# Ретроспектива
# (Вториот случај на инспектор Вренко)
### (Excerpt in Macedonian)

Translated by: Sonja Dolžan
Contact of the translator: sonja.dolzan@gmail.com

*И овој пат сите лица и настани во романот се измислени. Каква било сличност со вистински луѓе или животни ситуации е сосема случајна и ненамерна.*

Ерика Видиц Кореника сјаеше. Тоа, на крајот на краиштата, беше и нејзина вечер. Додуша не само нејзина, и таа ни од далеку не настапуваше во главната улога, но сепак. Поради такви ситници Ерика не дозволуваше да ѝ се скусат нејзините петнаесет минути слава. Нејзините колешки Мојца, Тања или Даница, на пример, денес се тука заради неа, а не обратно. Добро, Мојца и инаку ќе скршне на некоја изложба, повеќе заради мажот ѝ, кој го интересираат тие нешта, и Даница знае одвреме-навреме да се појави на некое отворање. Вистина, само за да го покаже новиот фустан или последниот *лифтинг*, та таа уметноста и така никогаш не ја разбирала. А Тања, е, за неа Ерика беше сигурна дека со мажот ѝ денеска првпат во живот се на отворање на една ликовна изложба.

Ерика Видиц Кореника имаше педесет и три години, но вечерва тоа само ретки би можеле да го погодат. Вита, со тело на триесетгодишна жена, во скап, малку предизвикувачки припиен фустан, со кратка модерна фризура и без трага од какви било брчки, имаше право да сјае.

Работата со Ерика беше следнава. Една голема и важна галерија подготви обемна ретроспективна изложба на делата на нејзиниот свекор, сликарот Карол Кореника. И овој петок, на шетнаесетти декември се одвиваше нејзиното отворање. За делата на Карол Кореника беа наменети речиси сите изложбени простори, а тие не беа малку. Целокупното приземје, освен таканаречениот мал салон, собата одзади, покрај галериските тоалети, таму имаше некаква современа инсталација, главно само куп камења. Цртежите, графиките и сликите на Карол Кореника го наполнија целиот први кат, а за ретроспективата беше наменет и галерискиот информациски центар во подрумските простории. Тука беа на располагање различни публикации сврзани со животот и работата на Карол Кореника, документи, монографии, каталози и слично. Во

приземјето на галеријата беа изложени *полесни* дела на хартија, цртежи, скици, неколку графички листа.

Карол Кореника беше сликар на класична школа. Мајстор на цртежот, кој низ сиот свој долг живот останал верен на фигураликата. И беше неповторлив портретист. На првиот кат беа изложени платната. Тоа беа главно ведути на Марибор, Париз и Трст, градовите, во кои го поминал својот живот. Збирката беше дополнета со неколку големи пејзажи и убави портрети. Главниот кустос на изложбата и влијателен ликовен критичар Роман Доли, кој на својот потпис радо ја додаваше назнаката М.А., што значи *магистер артум*, не претеруваше кога во воведното обраќање влечеше паралели помеѓу делата на мајсторот Кореника и актуениот Луцијан Фројд, *на кој можевме да му се восхитуваме годинава во Венеција*. Му успеа дури и смелата теза за заедничките црти помеѓу портретите на Кореника и сликите на Фрида Кало, *на која исто така годинава ѝ се восхитувавме во Тејт Модерн*. Споредбите беа добри, на место, а посебно што господин Доли на сета уметничка заедница, собрана на отворањето, ѝ даде на знаење дека годинава бил барем во Венеција и во Лондон, ако не и на некое друго место. Сакаше да важи за космополит. За таа намена во пригоди, како што беше на пример вечерашното отворање на важна изложба, наместо вратоврска носеше, додуша дискретна, пеперушка, која сепак се издвојуваше.

Со оглед на тоа дека Карол Кореника пред две години, на возраст од седумдесет и осум години, за време на подготовките на ретроспективата, за жал, почина, ѕвезди на вечерашното отворање беа неговата сегашна и поранешна жена и неговите деца. Имаше три сина, сите со жената од првиот брак, италијанска Словенка Ангела Тути, која по разводот пред петнаесет години го задржа презимето на мажот и сега се презива Тути Кореника.

Средниот син на Ангела и Карол Кореника, Рајмунд, ѝ беше маж на Ерика. Таа се сметаше за единствена вистинска снаа на сликарот, за што имаше оправдани причини. Постариот брат на Рајмунд, Силван, кој токму во овој миг крајно невкусно и претерано гласно се кикоти сред женското друштво во ќошето крај влезот во галеријата, иако веќе има педест и пет години, дури сега се жени. И не мора да значи дека до венчавање, како што изгледа, некогаш и навистина ќе дојде. А другиот девер на Ерика, помладиот брат на Рајмунд, Алеш, е – Ерика направи гримаса – хомосексуалец. Неговиот, инаку постојан партнер Клаус, Ерика исто така не можеше да го смета за сериозна конкуренција. Не дека таа имаше нешто против хомосексуалците, но оној Австриец Клаус сепак не е исто како неа – брачна, пред Господа обврзана и пред матичар оверена жена.

И така тоа оправдано беше и вечерта на Ерика. Иако, тоа мораше да си признае, е доста напорно. Цело време треба да биде на располагање на посетителите, подготвена да одговара на разноразни прашања, да кима лево и десно, цело време насмеана. Но на Ерика не ѝ беше тешко, како некоја англиска кралица, и таа ѝ се предаде на судбината на јавна личност и достоинствено страда.

А при сето тоа успева уште во нешто, на што радо се посветува. Цело време внимателно набљудува и ја оценува околината.

Таму во ќошето Силван сè уште непристојно се кикоти и пак пие повеќе одошто поднесува. И на семејните средби секогаш ќе се налока. Понекогаш дури и неа ја загледува... и нешто ѝ алудира. Ерика се згрозува при сеќавањето на непристојното однесување на постариот брат на мажот ѝ. Ниту случајно не си признаваше дека неговото алудирање во некое катче на свеста, некаде далеку одзади, додуша сокриено зад правилата и конвенциите на правилното однесување и – што е уште поважно – сокриено дури од признатите гревови на исповедта– мошне ѝ се допаѓа.

Како вообичаено, и натаму распреда Ерика, деверот е окружен со девојчиња, додека неговата Мартина, која, така патем, исто така не е богзнае што, вечерва повеќе се врти низ првиот кат. Цело време стои покрај својот портрет, една од средишните слики на изложбата. Тој факт, на кој Ерика во тој миг помисли, мошне ја болеше. Зошто стариот Кореника ја насликал Мартина Зајец, жената, која со Силван живееше вонбрачно, како што денес радо се нарекува тоа, а нејзе никогаш во повеќе од дваесет години, откако е мажена со Рајмунд не ѝ ниту спомнал да ја наслика. Ерика беше убава жена, а Мартина ништо посебно. А го има и оној чуден син, отпорано.

Совладување на случувањата во преполната галерија каде што се туркаше и муабетеше и каде што пивнуваше вино од елегантни чаши на сталаци сиот градски крем, на Ерика ѝ успеваше бидејќи за тоа си одбрала идеална позиција. Ерика Видиц Кореника, веднаш по завршените свечености и говори по повод отворањето на првиот кат на галеријата, кога гостите почнаа да се дружат и да шетаат горе-долу по галеријата, застана на третата долна скала на скалите што водеа од приземјето на првиот кат. Оттука, малку придигната, го набљудуваше случувањето на целото приземје и, а тоа беше уште како важно, секој што сакал да се качи на првиот кати или озгора да слезе на приземјето, мораше, сакал-не сакал, да помине покрај неа. Од скалите мошне добро гледаше кој влегува во галеријата и кој случајно заминува и кој со кого излегува да запали цигара. Не ја интересираше кој пуши, но со кого ќе го прави тоа го привлекуваше вниманието на Ерика.

Токму во овој миг цигарите ги допушеа и се вратија во галеријата нејзиниот помлад девер Алеш и неговиот *пријател* Клаус. Кога ги здогледа, мислите на Ерика Видиц Кореника прескокнаа на друго место.

„Еден ден, се сеќавам, беше рана пролет, сонцето ги фрлаше своите зраци низ големите прозорци. Во печката беше запален оган, повеќе од навика одошто од потреба, бидејќи деновите беа топли и јас, како вообичаено, си играв во ателјето на татко ми. И потоа...“

Силван Кореника, висок, доста шармантен педесетипетгодишен маж, малку покрупен, уживаше. Овие девојчиња, овие студентки по сликарство и млади љубителки на уметноста како друштво исклучително му годеа. Посебно оваа мала руса путка, оваа Тинкара или како се вика, што стои тесно до него и, како што му се чинеше на Силван, посебно гласно и долго им се смее на неговите досетки. Под откопчаната бундичка ја гледаше нејзината тесна маичка и под неа чувствуваше мали, напнати и цврсти гради. Ако има подоцна можност, малава вечерва ќе...

На девојчињава ниту малку не им пречеше што Силван не знаеше да црта, што никогаш не ни помислил да биде уметник или што беше непоправливо некреативен. Во него гледаа надомест за починатиот мајстор. На крајот на краиштата тој беше неговиот најстар син. И затоа Силван Кореника со големо задоволство им раскажуваше за сеќавањата на таткото. Поголемиот дел од тоа што раскажуваше и така не беше вистинито, но на девојчињата им го нудеше она што сакаа да слушнат. Значајни анегдоти со подлабоки значења, напнати приказни, клишеа за уметник што страда. Дека со таткото никогаш премногу не се сакале и дека последните години речиси веќе не проговориле еден со друг, тоа Силван не го спомнуваше. А кого тоа воопшто го интересира, ве молам.

Му кимна на келнерот за да се доближи. Друштвото празните чаши од вино ги заменуваше за полни. Силван со изострено око го измери послужавникот и посегна по најполната чаша. Денеска се точи врвно вино.

Тек-тук погледнуваше по галеријата, малку за да види ако се покаже некое познато лице, а малку да провери ако неговата идна жена Мартина случајно се симне од првиот кат. Не дека му го замераше младото друштво, но и нему не му беше пријатно да се забавува со девојчињата ако е Мартина некаде во близина. На крајот на краиштата на свој начин ја сака и наскоро имаат намера дури и да се венчаат. Во приземјето Силван се задржуваше и затоа што знаеше дека Мартина ќе мора цело време да биде горе, некаде блиску до својот портрет. Оној извештачен и усилен педерастичен галерист Доли, а и другите ликовни *стручњаци*, овој последен збор Силван во себе го изговори како пцовка,

ја окупираа и мора да им раскажува за тоа како стариот ја сликал и што зборувал за тоа време и што правел и како мешал бои и дали за време на сликањето нешто јадел, можеби нешто пиел и тоа.

Портретот на неговата идна жена што буди толку интерес на изложбата, на Силван, искрено, воопшто не му се допаѓаше. Стариот ѝ нацртал невобичаено намачен израз, како на некаков Христос. А беше и набрзо по онаа нивна караница. Дури и малку модрица околу окото се гледа на сликата. Но таа тврдеше дека на стариот не му кажала дека ја удрил. Можеби вистина. Стариот чувствуваше такви нешта, нему не требаше да му се каже. Тогаш, по она, Мартина почна уште почесто да оди кај стариот во ателјето, уште помисли Силван.

Портретот на Мартина, Силван, како еден од наследниците на имотот на татко му, дозволил да се смести на изложбата само за да ја лути снаата, онаа гуска на Рајмунд, Ерика. Во последен миг, дури вчера наутро смекна и на галеријата ѝ даде зелено светло. Тие веднаш и со големо задоволство дојдоа по сликата и ѝ го доделија почесното место во најголемиот и најважниот галериски простор на првиот кат.

Ерика Видиц Кореника беше, како и сите други што не знаеле ништо, мошне изненадена кога го здогледа портретот на Мартина на изложбата. Никако не можеше да ја прикрие зависта оти нејзиниот убав сурат на Карол Кореника никогаш ни на крај памет не му дошло да го наслика. Што би дала *нејзиниот*, портретот на Ерика, да виси денес тука.

Силван ја погледна својата снаа. Да ја набљудуваш во тие нејзини маки навистина беше слатко. Цело време на говорот по повод отворањето на оној мал Доли, додека Ерика мораше да гледа во портретот на Мартина, се вртеше како да страда од гихт.

Силван се насмевна. Ете, погледнете ја, штотуку како гавран кружи со погледот по приземјето на галеријата. Застана на скалите за подобро да гледа. Само нека внимава нешто да не ѝ избега. А и него нека го слушне, си мислеше Силван Кореника и намерно пак претерано гласно се закикоте.

Мартина Зајец ја обзедоа мешани чувства. Како и сите, и неа Силван ја изненади со одлуката да дозволи нејзиниот портрет да се смести на изложбата. Тоа беше единствениот нејзин портрет што го насликал Карол со масло на платно. Ја сликаше повеќе пати, но тоа главно беа скици, цртежи со молив, со јаглен. А сликањето на платно го презел само еднаш. Беше тоа на почетокот на двеилјадитата година, се сеќаваше Мартина Зајец, набрзо по она кога се смири лудница по повод преминувањето во новиот милениум. Силван во едно од своите избувнувања силно ја удри. Потресена и разочарана,

се засолна кај Карол во ателјето. И тогаш, по онаа тепачка, Карол Кореника го зеде најголемото платно што го имаше во ателјето и почна да ја слика.

И порано Мартина беше добредојдена гостинка во ателјето, тоа го чувствуваше од однесувањето на Карол, а по она го посетуваше уште почесто. Со свекорот, така Карол Кореника во себе го нарекуваше Мартина, никогаш не спомнале ништо. Тој знаеше за што се работи, таа знаеше дека тој знае. Се задоволија со тоа што таа му позираше, му вареше чај, му помагаше да ги преместува потешките предмети по ателјето. И нејзиниот Мирко, синот од кратката врска пред години, меѓу боите, четките, книгите и сликите осозна дека светот на ликовната уметност е и негов свет. Понекогаш дури ѝ се чинеше дека Карол ги кани кај себе само заради Мирко. Цели денови заедно нешто претураа и гледаа и разговараа. Штета што умре свекорот, би му било големо задоволство кога би знаел дека Мирко годинава успеа да се запише на ликовната академија.

Сега Мартина стоеше покрај својот портрет. Сликата не беше само изразно исклучително силна туку и, барем за портрет, иако со целосна фигура, исклучително голема. Широка беше два и висока речиси три метра. На сликата е Мартина, облечена во сиво здолниште и џемпер на раскопчување, седи на старинската фотелја што беше во ателјето на Карол. Нозете ѝ се наместени тесно заедно, поместени лево, рацете составени се одмораат врз здолништето. Косата ѝ е разбушавена, неуредна. Гледа право од сликата, но не така како Мона Лиза, за која многумина знаат само тоа дека *те гледа каде и да застанеш*. Мартина Зајец од сликата додуша гледа право во човека, но така како да гледа низ него. Се џари некаде отаде. Нејзиниот израз е мешавина на страдање, преданост и инает. Кореника не ја разубавел, напротив, ја нагласува нејзината ненегувана кожа, уморениот поглед, или, како што пред малку рече Доли: *животна трагика*.

Не ѝ се допаѓаше што ја има сликата на изложбата, премногу ја разголуваше. На Мартина ѝ се чинеше дека сите гледаат во нејзината внатрешност, се чувствуваше како да седи гола пред сите нив. Само со најмала капка на женска суета ѝ годеше дека нејзиниот портрет, едноставно наречен *Мартина*, е голем и важен дел на изложбата. На крајот на краиштата, покрај неколку портрети на обете жени на Карол, тоа беше единствениот женски портрет на изложбата.

Уште помалку фактот дека е изложена сликата ќе му се допаднеше на нејзиниот син. Тој портретот – додека настануваше сликата, тој цело време беше во ателјето, имаше четиринаесет годни и силно чувствуваше дека мајка му страда, иако караниците со Силван му ги таеше – го сфаќаше како силна лична исповед. Како дневник што е предмет на целосна интима. Добро што не знае.

„И, драга Мартина, како течат подготовките за свадбата?“

Мартина Зајец мораше да се натера да се врати во овој свет. Се освести дека покрај неа стои ликовниот критичар и галерист Роман Доли и нешто ја прашува.

„Благодарам, Роман, мислам дека сега сме толку далеку што конечно ќе го направиме тој чекор.“

„Што го интересира овој ова?“ си мислеше Мартина. Нему сигурно нема да му објаснува дека, и покрај сè, го сака Силван и тој неа исто така, на свој начин. Како и да е, тоа е само нејзин живот. И на синот, се разбира, но тој заминува. Во октомври ќе почне со студиите во Љубљана, веќе речиси една година ја има онаа симпатична девојка. Порано или подоцна ќе остане сама и... Силван по она веќе никогаш не ја удри. За десет години заеднички живот најдоа доволно урамнотежена врска што ќе биде барем подносլива. Затоа ќе се омажи за него.

„Ова,“ ѝ рече Роман Доли на Мартина и накај неа туркаше еден мал господин во исклучително отмено одело „е господин Либман, Ира Либман, мојот ценет гостин од Русија. Галерист. Му се допаѓаат сликите на вашиот свекор и штотуку ми рече дека би сакал да ја запознае *Мартина*.“